Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на "РОЈАЛ 7777" ДООЕЛ Куманово, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 23-11-2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "РОЈАЛ 7777" ДООЕЛ Куманово, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата "РОЈАЛ 7777" ДООЕЛ Куманово, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

”РОЈАЛ 7777” ДООЕЛ Куманово до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.УП08-22 од 23.11.2021 година, за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист, за едно лице дипломиран по бизнис администрација и за едно лице со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека ”РОЈАЛ 7777” ДООЕЛ Куманово, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020).

На ден 23.11.2021г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на ”РОЈАЛ 7777” ДООЕЛ Куманово.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. УП 08-22

Од 23.11..2021год.

Скопје

Изготвил/контролирал
Јасмина Петреска
------------

Претседател на
Регулаторна комисија за домување
М-р Зоран Маџовски